# И З В Е ШТАЈ

Од одржана мобилност на тема: **“Teaching Students with Autism Spectrum Disorder (ASD) and/or Attention Deficit Hyperactivity Disorder (ADHD)”**, во Истанбул, Турција. Обуката беше организирана од страна на провајдерот: “Sherlock Edu”. На седумдневната обука, во периодот од **05.07. – 11.07.2021 година,** беа присутни: Бранка Димевска Коцева, наставник по историја и Снежана Шумковска, наставник по ликовно образование, од основното училиште ООУ Кочо Рацин. Обучувач на обуката беше Букет Озенсој, клинички психолог за деца и млади.

Обуката беше наменета за сите оние што применуваат интеграција и инклузија во својата училница преку креативни методи базирани на игра во едукација на деца со посебни образовни потреби. Беа претставени и елаборирани бројни методи на обезбедување и давање креативни идеи и практични ресурси за успешна имплементација на наставната содржина во едукацијата на деца со АДХД или АСД. Се презентираа и различни пристапи основани на потребите на ученикот со АСД и АДХД, како што се учење основано на задачи и игри, вежби за зголемување на вниманието како кај децата со дијагностицирано АДХД или АСД, така и кај останатите деца кои од било кои причини имаат нарушено внимание во одреден период. Исто така се идентификуваа ризици, фактори и бариери при интеграција и инклузија во училницата.

Мобилноста имаше за цел да покаже дека социјалните активности и игрите можат да го забрзат развојот на факторите за поддршка при едукацијата со што се развиваат комуникациски, колабораციски, презентациски, решавање на проблеми, преговарачки, критички и креативни мисловни вештини кај децата со АДХД и АСД.

**Извештајот го подготвија:**

**Снежана Шумковска,** наставник по ликовно образование во ООУ “Кочо Рацин”, Скопје дел од проекниот тим во реализација на **Еразмус КА101** Проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**

**Бранка Димевска Коцева**, наставник по историја

Координатор на проектот **“Dealing with challenging behavior”**

| | |
|---|---|
|  |  |